ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ
Бр. 08-252
29.01 2025 год.
СКОПЈЕ

ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА

ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје

Врз основа на член 235 од Законот за трговски друштва и член 22 од Изјавата за основање на друштво со ограничена одговорност основано од едно лице заведена под бр. 0101-2/1 од 29.07.2022 година, а во врска со Глава 3, точка 3.1, Член 6 од Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија (Сл. весник на РСМ бр. 229/2022), Управителот на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија, ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје на ден 27.01.2025 год. донесе:

# РЕШЕНИЕ ЗА СОГЛАСНОСТ

## за приклучување на системот за дистрибуција на топлинска енергија

Барањето од ХЕЛГА ДООЕЛ - ТЕТОВО, за согласност за приклучување на системот за дистрибуција, **се прифаќа**.

Согласност за приклучување на системот за дистрибуција на топлинска енергија се дава на ХЕЛГА ДООЕЛ - ТЕТОВО, УЛ. „164" БР. 19, МАЛА РЕЧИЦА, ТЕТОВО, за објектот на УЛ. НИКОЛА ПАРАПУНОВ БР. 15, ГП 1.6 од Измени и дополнувања на ДУП локалитет КАРПОШ 4 - У.М. М1, КП 822/2, КО КАРПОШ, СКОПЈЕ, со инсталирана топлинска моќност од **261,431 kW** и максимална количина на топлинска енергија која ќе се презема од дистрибутивниот систем годишно: 274.503 kWh/год..

Надоместокот за создавање технички услови во системот за дистрибуција изнесува **522.862 ден.** (без пресметано ДДВ), и истиот е потребно Барателот да го плати на операторот на системот за дистрибуција пред поднесување на Барање за пробна испорака на топлинска енергија.

Методологијата за пресметка на единечниот трошок за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем за приклучување на нови корисници е дадена во Анекс 1 од Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија (Сл. весник на РСМ бр. 229 од 28.10.2022 год.) и истиот изнесува **2.000,00 ден./kW (без ДДВ).**

Барателот мора да отпочне со изведбата на приклучокот и топлинската потстаница во рок не подолг од 2 (две) години од денот на издавање на ова Решение, а кое по овој рок престанува со важност.

Основните технички податоци за приклучување се прилог на ова Решение.

Приклучувањето на системот за дистрибуција заради преземање на топлинска енергија може да се изврши само со платен Надоместок за создавање технички услови во системот за дистрибуција и Согласност за приклучување на системот за дистрибуција, врз основа на претходно издадени:

- Потврда за изведена топлинска станица;
- Потврда за изведен приклучок;
- Потврда за изведено приклучување;
- Потврда за функционален прием на приклучокот и топлинската потстаница;
- Записник за енергетски прием на грејна инсталација;
- Изјава за одобрување на термоенергетски прием на објектот.

Обврска на Барателот е да ја обезбеди целокупната документација од надлежните институции поврзана за потребите за предметната изведба.

Операторот на системот за дистрибуција ќе создаде услови за приклучување, односно оперативно спојување на приклучокот со дистрибутивната мрежа во рок од 30 дена од изградбата на приклучокот.

Инвеститорот е должен во Договорот за купопродажба на станбените единици, со идните сопственици, да наведе дека загревањето на станбените единици ќе се врши преку системот за дистрибуција на топлинска енергија.

тел.: +389 (0)2 55 14 027, факс: +389 (0)2 55 14 040; www.esm-distribucija.mk,
e-mail: contact@esm-distribucija.mk

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 24.01.2025 год., со бр. 08-212, Барателот за приклучување: ХЕЛГА ДООЕЛ - ТЕТОВО, УЛ. „164" БР. 19, МАЛА РЕЧИЦА, ТЕТОВО, поднесе Барање за согласност за приклучување на системот за дистрибуција на топлинска енергија, за објектот на УЛ. НИКОЛА ПАРАПУНОВ БР. 15, ГП 1.6 од Измени и дополнувања на ДУП локалитет КАРПОШ 4 - У.М. М1, КП 822/2, КО КАРПОШ, СКОПЈЕ.

**НАПОМЕНА:** Согласноста за приклучување на системот за дистрибуција, со изведба на заеднички приклучок, важи само доколку до операторот на системот за дистрибуција се достави писмена согласност од сите страни за регулирани меѓусебни права и односи во форма која ќе биде претходно одобрена од операторот. Во случај на ваков тип на изведба, задолжително е секој објект да има посебна затварачка арматура. Кажаното погоре е во согласност со Член 10 Став 6 од Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија (Сл. весник на РСМ бр. 229 од 28.10.2022 год.).

Со издавање на ова Решение престанува да важи претходното издадено Решение за согласност за приклучување на системот за дистрибуција на топлинска енергија, со наш број 08-2651 од 07.12.2023, издадено од ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ - Скопје.

Поднесеното барање и сите списи доставени кон истото беа разгледани од страна на стручните служби во Друштвото, при што се утврди дека се исполнети сите услови, по што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение барателот може да вложи приговор во рок од 8 дена сметано од приемот на истото до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

*Постапката ја водел и изработил:*
*Машински проектант I*

Зоран Јанчевски, *дипл. маш. инж.*

*Контролирал:*
*Помошник директор*

Димитар Чичов

*Одобрил:*
*Управител*

Петар Милетиќ

Доставено до:

- *Странка;*
- *Архива на Оддел за НПРДС;*
- *Архива.*

Прилози:

1. *Основни технички податоци;*
2. *Ситуација со вцртан топловоден приклучок R 1:500;*
3. *Препорака.*

# ОСНОВНИ ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

Новоизградениот објект на УЛ. НИКОЛА ПАРАПУНОВ БР. 15, ГП 1.6 од Измени и дополнувања на ДУП локалитет КАРПОШ 4 - У.М. М1, КП 822/2, КО КАРПОШ, СКОПЈЕ, претставува колективен станбено објект со 2хПо+Пр+5+Пк ката, вкупна нето површина за затоплување од 4.170 $m^2$, со 84 станбени единици.

За приклучување на објектот, од нова приклучна шахта на дистрибутивната мрежа, потребно е да се изведе зеднички приклучок на системот за дистрибуција за топлинска енергија со должина од сса. L= 12 m', со димензија: 2 x DN 65 / Da= 140 mm (Ø 76,1 x 2,9 mm) предизолиран систем, заеднички приклучок со истата димензија, со должина од сса. L= 24 m', класичен систем со воздушно водење, во подрумските простории на објектот и приклучок со должина од сса. L= 40 m', со димензија: 2 x DN 50 (Ø 60,3 x 2,9 mm), класичен систем со воздушно водење, во подрумските простории на објектот.

Приклучувањето на заедничкиот приклучок ќе се изведе од нова (идејна) приклучна шахта на секундарниот вод. Приклучување на објектот ќе се изведе на заедничкиот приклучок во подрумските простории на објектот.

Димензијата на заедничкиот приклучок е доволна за вкупната инсталирана топлинска моќност од 426,911 kW на новоизградениот и соседните објекти според термо-техничките проекти доставени на увид.

Според термо - техничкиот проект предвидено е конзумот на објектот да се покрие со една топлинска потстаница поврзана на крајот на приклучокот, сместена во подрумскиот дел на објектот, на ниво „-1“.

За изведување на работите за приклучување кон системот за дистрибуција на топлинска енергија потребна е изработка на Основен проект за приклучокот за објектот до местото (просторијата) предвидено за Топлинска потстаница.

Скопје, 27.01.2025 год.

*Постапката ја водел и изработил:*

*Машински проектант I*

Зоран Јанчевски, *дипл. маш. инж.*

## НАПОМЕНА

Напоменуваме дека, според членот 159 став (4) и (5) од Законот за енергетика (Службен весник на РМ, бр. 96 од 28.5.2018 год.), за секој нов објект со повеќе потрошувачи, за кој е започната постапка за одобрение за градење по влегувањето во сила на овој закон, а којшто се приклучува на системот за дистрибуција на топлинска енергија, мора да има вградено уреди за мерење на локалното распределување на топлинската енергија за секој потрошувач поединечно.

Проектантот во станските орманчиња, а каде се вградени уредите за мерење на локалното распределување на топлинската енергија, мора да предвиди и вградување на автоматски балансни вентили, со цел овозможување на заштеда на топлинска енергија на потрошувачите и заштита од дебалансирање на внатрешната инсталација.

## ПРЕПОРАКА

Имајќи ја во предвид законската обврската за вградување на уреди за локално распределување на топлинската енергија за секој потрошувач поединечно, а во насока на зголемување на енергетската ефикасност на објектот и комфорот на потрошувачите, предлагаме:

При проектирањето, да се предвидат во становите уреди за штедење на топлинска енергија (термостатски вентили на секое грејно тело и сл.).




**ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ - СКОПЈЕ**

**ЛЕГЕНДА:**

- постојна дистрибутивна мрежа
- идеен зеднички приклучок (подземно водење)
- идеен заеднички приклучок (воздушно водење)
- идеен приклучок (подземно водење)
- идеен приклучок (воздушно водење)
- идејна приклучна шахта (Ш 000)

Скопје, 27.01.2025 год.

**R = 1:500**

Изработил,

Зоран Јанчевски, дипл.маш.инж.